Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (3) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 мај 2024 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за уважување на приговор**

1. Приговорот на СТЕЛАР ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје УП2 09-61/24 од 12 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 10-61 од 6 февруари 2024 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 10-61 од 6 февруари 2024 година СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

СТЕЛАР ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-61/24 од 12 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 10-61 од 6 февруари 2024 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на фотонапонска електроцентрала (ФЕЦ) од 300 kW инсталирана моќност.

Жалителот потенцира дека бара алтернатива за приклучок, која би ја финансирал на свој трошок.

Според Електродистрибуција – во моментот на поднесување на Барањето за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа, исполнет е капацитетот за приклучок од дистрибуирани производители на енергетски трансформатори во напојната трафостаница ТС 110/35/10 kV Штип 1.

При анализата е земена во предвид и потрошувачката на напојната ТС 110/35/10 kV Штип 1 во минимален режим.

Можност за приклучување ќе се овозможи по завршување на постапката на одобрување за инсталирање на нов енергетски трансформатор во напојна ТС 110/35/10 kV Штип 1 од страна на операторот на преносна мрежа АД МЕПСО, за што Електродистрибуција има поднесено барање до АД МЕПСО.

Доколку не може да се добие позитивно мислење од нивна страна во тој случај приклучокот на планираната ФЕЦ не може да се реализира.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 27 февруари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-61/24 од 12 февруари 2024 година со прилог:

-Барање за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа (БСП-2 образец)

-Приговараното Решение

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од Електродистрибуција 21 февруари 2024 година со прилог:

-GIS скица

и на седницата беше заклучено Приговорот да се разгледува на седница со физичко присуство на двете страни.

На седница од 1 март 2024 година претставниците на Електродистрибуција детално ги образложија техничките карактеристики поврзани со електроинфраструктурата за предметното подрачје.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имено, согласно приложената документација, како и фактот дека Електродистрибуција има поднесено барање за согласност за приклучок на електропреносната мрежа до Операторот на електропреносниот систем МЕПСО АД Скопје, со кое е предвидено техничкото решение замена на постоечкиот енергетски трансформатор со трансформатор со поголема моќност од постоечкиот, Регулаторната комисија за енергетика смета дека се создадени услови за повторно разгледување и одлучување по Барањето.

Согласно член 93 став (2) од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 96/18 и Службен весник на РСМ бр. 96/19 и 236/22) операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

Согласно став (3) точка 2) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со којшто управува, на недискриминаторен и транспарентен начин, и во согласност со пропишаниот kвалитет.

Согласно став (3) точка 3) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да ги приклучи производителите и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем.

Согласно став (3) точка 9) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да го усогласи работењето на електродистрибутивниот систем со работењето на електропреносниот систем.

Согласно член 4 став (1) точка 4) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22) операторот на дистрибутивниот систем обезбедува приклучување на производителите и потрошувачите на дистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на дистрибутивниот систем.

Согласно точка 9) од истиот член, операторот на дистрибутивниот систем обезбедува развој, надградување и одржување на дистрибутивниот систем со кој управува, и да обезбеди долгорочна способност на системот за задоволување на оправданите барања за дистрибуција на електрична енергија.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–61/24**
**27 мај 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**